# Твининг проект: „Зајакнување на среднорочно буџетирање за ефективно управување со јавните финансии“

## Спроведена првата обука за ESA!

Во период 30 Мај – 03 Јуни 2016, започна со имплементација активноста 3.1 "Обука за поврзување на GFS методологијата со ESA за клучните лица одговорни за фискално известување". Во овој период, експерти од Финска, г-ѓа Анина Аутеро, г-дин Мика Санио, г-дин Велиарво Таммиен и г-дин Лассе Оласврита, импленетираа експертска мисија во рамки на која ги спроведоа првите обуки на тема ESA методологија. Главната цел на оваа мисија беше воведно претставување на ESA2010 методологијата и поврзаноста со GFS (ММФ), како и проблеми на кои се наидува при прибавување на изворни податоци. Исто така, за време на мисијата беше направена и проценка за потребите од идни обуки, и беше дефинирана програмата за идните обуки.



*Обука одржана во ЕУ Инфо Центарот, Презентација на г-дин Мика Санио*

Вкупно 14 претставници на Министерството за финансии (Сектор за буџет и фондови, Сектор Трезор, Сектор за макроекономска политика и Сектор за јавен долг) и на Државниот завод за статистика зедоа учество во имплементираните 3 обуки.

Првата обука беше организирана на 31 мај 2016 година во ЕУ Инфо Центар. За време на оваа обука беа презентирани планираните обуки за идниот период како и методите кои ќе се користат при имплементирање на овие и идни обуки. Главната тема која беше разработена на оваа обука беше ESA статистиката за јавните финансии и се што е вклучено во неа (законодавство и регулатива, употребата на информации, соработка итн.)



*Обука одржана во ЕУ Инфо Центарот, Презентација на г-дин Лассе Оласврита*

Втората обука беше организирана на 01 јуни 2016 година, исто така во ЕУ Инфо Центар. Тема на обуката беше врската помеѓу ESA и GFS (ММФ) методологија и беше претставен пристапот на известување преку неколку практични примери. Исто така, беа претставени и EPSAS стандардите и врската на буџетирање на пресметковна основа со ESA и GFS.

Третата обука беше организирана на 02 јуни 2016 година во Министерството за финансии. На едно општо ниво, беше презентирано како може да се одвива проектирањто на јавните финансии по стандардите на ESA, водејќи се притоа од финското искуство. Г-ѓа Аутеро го затвори овој циклус на обуки со објаснување како во иднина учесниците на обуките ќе може да го користат он-лајн „портфолиото за учење„ и „индивидуалните дневници за учење„, како ќе може да доставуваат предлози за теми од нивен интерес и исто така им ги претстави домашните задачи за следната обука.



*Обука одржана во Министерство за финансии, презентација на г-дин Велиарво Таммиен*

За следење на обуките учесниците ќе користат Moodle-платформа каде што сите материјали и домашни задачи ќе бидат поставувани, индивидуалните „дневници за учење„ и портфолија ќе бидат достапни, а исто така и би имало простор за он-лајн дискусија. За секој учесник на обуките, индивидуално корисничко име е креирано.

Врз основа на евалуацијата добиена од учесниците може да се заклучи дека имплементираните обуки ја постигнале крајната цел и обезбедиле прв општ вовед во темите на компонентата 3 од Твининг проектот.

Проектот е финансиран од Европската Унија

## Работата на Управниот комитет во изминатиот период ...

Вториот состанок на Управниот комитет се одржа на 15 јуни 2016 година. Членовите на Управниот комитет имаа можност да дискутираат за Кварталениот извештај бр. 2 и активностите кои се имплементираа во период март – мај 2016. На состанокот членовите констатираа дека напредокот постигнат во рамките на проектот е во согласност со дадениот временски рок и без одложувања или проблеми. Добрата соработка помеѓу експертите и вработените во Министерството за финансии, како и помеѓу тимот на проектот, ЦФЦД и одделението за ИПА, беше истакната за време на состанокот.



*Втор состанок на Управниот комитет, 15 Јуни 2016*

Членовите на Управниот комитет, исто така, разговараа и за целокупниот план и активностите на проектот за следните 6 месеци.

## Учејќи од Австрија – Организирано студиско патување!

Во периодот од 20 - 25 јуни 2016 година, 6 претставници од Министерството за финансии, учествуваа на студиско патување во Австрија.



*Работна средба, Министерство за финансии во Австрија*

Фокус на студиското патување беше среднорочното планирање на буџетот и процесите поврзани со среднорочното планирање кои се одвиваат во различни институции вклучени во прогнозирање, планирање на буџетот, одобрувањето на буџетот и мониторинг. Претставниците на Министерството за финансии, учествуваа во разни состаноци и средби организирани во неколку институции во Австрија (Министерство за финансии, Канцеларија за статистика, Државна ревизија, Канцеларија на Премиерот, Парламент). Групата имаше можност да размени искуства и најдобри практики и да се запознае со австрискиот систем, како среднорочното буџетско планирање се одвива и како се одвива годишниот процес на подготовка на буџетот во Австрија; како се предвидуваат приходите и како се одвива процесот на планирање на расходите; кои се предностите и научените лекции за буџетирање по успешност; која е улогата на различните институции во буџетскиот процес; која е улогата на независниот мониторинг итн.

По студиското патување, групата учествуваше на работна средба со тимот на проектот на која беше констатирано дека студиското патување беше организирано многу добро од страна на австриските експерти и без никакви проблеми. Учесниците имаа можност да изразат општо задоволство за организираното студиско патување.

## Активности поврзани со програмско буџетирање во јули!

Во јули, две експертски мисии беа организирани чии активности беа фокусирани на програмска буџетска класификација.



*Работен состанок со претставници од Министерство за труд и социјална политика*

Првата мисија ја имплементираше г-дин Франци Клузер од Словенија во периодот од 11 - 15 јули 2016 година. Мисијата имаше многу практичен и прагматичен фокус. Главната цел беше да се продолжи со буџетската програмска класификација, вклучувајќи цели и индикатори во секторите за труд и социјална политика, како и да се прелиминарно започне со секторот здравство.

Во текот на мисијата, експертот соработуваше со аналитичарите од Секторот за буџет и фондови кои работат на овие области. Развиен беше предлог за класификација на 3-нивоа со идеи за цели и индикатори. Секторските стратегии, стратегиите на ЕУ, статистички податоци и други податоци беа разгледани за време на мисијата.

Проектот е финансиран од Европската Унија

Г-дин Клузер и буџетските аналитичари, исто така, одржаа работни средби со претставниците на буџетските корисници. Целта на овие работни средби беше да се презентира програмското буџетирање на буџетските корисници и да се добие прва повратна информација од нив. Беа организирани средби со Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, Агенцијата за вработување и Министерството за труд и социјална политика. На крајот на мисијата првиот нацрт на програмската класификација за секторот труд и социјална политика беше подготвен и на англиски и на македонски јазик.

Втората експертска мисија ја имплементираа г-ѓа Ирена Ростан и г-ѓа Катја Лаутар од Словенија, во периодот од 12 - 15 јули 2016. Оваа мисија исто така имаше многу практичен и прагматичен фокус. Главната цел беше да се развие програмска буџетска класификација која ги вклучува целите и индикаторите за политиката - правда. Предлог буџетот на програмската структура во областа на правдата е направен со 4 програми и 7 потпрограми. Постојните стратегии и документи (од областа на правда, Уставниот суд, спречување на корупцијата, човековите права ...) беа користени при подготовка на целите и индикаторите, а се користеа и останати извори, како што се GCI, Светскиот економски форум, статистички податоци итн.

Состаноци и консултации се одржаа со буџетските корисници (Министерство за правда, судовите, затворите, обвинителите). Програмската класификација беше изготвена и на англиски и на македонски јазик.

## Анализа на сегашниот буџетски процес и капацитетите на буџетските корисници...

Во периодот од 22 - 26 август 2016 година, г-дин Бенедикт Гамилшег и г-дин Томас Блазек од Австрија спроведоа експертска мисија чиј фокус беше анализа на сегашниот буџетски процес и капацитетот на буџетските корисници за среднорочно буџетирање. Анализата вклучува оценка на капацитетите на буџетските корисници за користење на прогнози и други извори на податоци при планирање на буџетот, проценка на буџетските практики, годишниот календар и капацитетот да се имплементира буџетирање по метод „од горе надолу„ (top down budgeting), оценка на капацитетот за проекција на трошоците според основно сценарио и капацитетот за превземање на повеќегодишните обврски. Една од целите на оваа анализа е да послужи како основа при планирањето на идните обуки за проектот.



*Состанок со Министерство за внатрешни работи*

Анализата е направена врз основа на електронски прашалник подготвен од страна на експертите и испратен до буџетските корисници да го пополнат он-лајн, како и на интервјуа со вработени во сектори и одделенија за финансиски прашања во неколку различни министерства (Министерство за финансии, Министерство за земјоделство, Министерство за транспорт и врски, Министерство за внатрешни работи, Министерство за образование и Министерство за обрана). Овие состаноци им помогнаа на експертите, исто така, да го тестираат подготвениот прашалник и да видат дали прашањата се јасни и разбирливи. Информациите добиени од буџетските корисници се покажаа како доста корисни и беа одлично прифатени од експертите. Како резултат од мисијата, експертите развија низа препораки кои се однесуваат на распоредот на планирање на буџетот, предвидливоста и стабилноста на среднорочното планирање на буџетот, капацитетите на министерствата за координирање на буџетското планирање исл. По добивање на одговорите од електронскиот прашалник (средината на септември), ќе биде направена подетална анализа.

Една од целите на оваа експертска мисија беше и да се даде на Министерството за финансии, пример од Австрија и Финска во врска со комуникацијата и соработката помеѓу Секторот за буџет и буџетските корисници, особено кога станува збор за размена на податоци и образеци за проценка на основното сценарио и среднорочниот фискален простор. Експертите, исто така подготвија Excel табели кои се користат за утврдување и споделнување на основното сценарио, како и да се информира за новите промени кои се потребни за среднорочно буџетирање, како да се доставуваат податоци потребни за подготовка на Фискалната стратегија итн.

Проектот е финансиран од Европската Унија

Оваа публикација е изготвена со помош на Европската Унија. За содржината на истата е одговорен Твининг проектот MK11 IB FI 01 и истата на никаков начин не ги рефлектира гледиштата на Европската Унија.